**From:**
**Sent:** четврток, 07 декември 2017 16:35
**To:**
**Subject:** Izvstuvanje
**Attachments:** Izvstuvanje od 07.12.2017.pdf

Почитувана г

Во врска со Вашето обраќање по пат на електронска пошта доставено до Агенцијата за електронски комуникации, со e-mail од 02.12.2017 година, истото препратено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 05.12.2017 година (наш УПП бр.03-09 од 05.12.2017 година), Ве известуваме за следното:

По повод добиените претставки во однос на јачината на тонот кога се емитуваат реклами, односно дека јачината на тонот на рекламите отстапува од другите програмски содржини, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел заштита на интересите на граѓаните, до сите радиодифузери кои емитуваат телевизиска програма достави Известување бр.03-5468/1 од 07.12.2017 година, во кое им укажа да се придржуваат до пропишаното максимално ниво на тонот и нивото на дозволива бучава на аудиовизуелни содржини.

Во прилог Ви доставуваме копија од Известувањето.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До: ТРД ____________________

За: - Управителот
- Одговорниот уредник/уредникот на програмата

Бр. 03-5468/1

Скопје 07.12.2017г.

Предмет: Известување

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставени се повеќе претставки во однос на јачината на тонот кога се емитуваат рекламите, односно дека јачината на тонот на рекламите отстапува од другите програмски содржини.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 04.12.2014 година донесе Правилник за нивелација на тонот на аудиовизуелна содржина со кои се дефинирани параметрите за јачината на тонот.

Согласно член 5 од Правилникот јачината на тонот на аудиовизуелниот материјал кој од страна на радиодифузерот се испраќа за емитување треба да изнесува 0 db (zero VU) во скалата на VU метарот односно 0 db (zero PM) во скалата на PPM (Peak Programme Meter).

Единствени програмски содржини кај кои може да има отстапување, според член 6 од овој Правилник, се вестите и аудиовизуелните комерцијални комуникации, меѓутоа јачината на тонот не може да биде поголема од 10% во однос на вредноста пропишана во членот 5 од Правилникот.

Имајќи го предвид наведеното, а со цел заштита на интересите на граѓаните, укажуваме да се придржувате до пропишаното максимално ниво на тонот и нивото на дозволива бучава на аудиовизуелни содржини.

Ви благодариме на соработката,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009